Машински факултет
Број 02-385/1
22.02.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Пречистен текст Универзитетски гласник број 282/2014), на предлог на Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 19-та редовна седница одржана на 22 февруари 2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за утврдување рокови за одбрана на дипломска работа

1. Со оваа одлука се утврдуваат роковите за одбрана на дипломската работа за студентите на прв циклус/додипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје кои студиите ги завршуваат на студиските програми уредени по кредит трансфер системот од 2004/2005 година.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука кои ги положиле испитите по сите предмети од студиската програма можат да пријават и бранат дипломска работа до крајот на зимскиот семестар во учебната 2018/2019 година на четиригодишните студиски програми, односно до крајот на летниот семестар во учебната 2017/2018 година на тригодишните студиски програми.

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев